# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Среда, 9 јули 1997
Скопје
Број 32 Год. LIII

Аконтацијата за 1997 година изнесува 6.400 денари. Овој број чини 100 денари. Жиро сметка 40100-603-12498


671.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиското работење,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 јули 1997 година.

Број 08-2261/1
3 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров, с.р.**

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски, с.р.**

### ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

Член 1

Во Законот за финансиското работење („Службен весник на Република Македонија“ број 42/93), во членот 4 став 1 точка 3) по зборот „заеми“ точката и запирката се заменуваат со запирка и се додаваат зборовите: „освен од граѓани“.

Член 2

Во членот 8 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Субјектот од став 1 на овој член не може да плаќа во готово други примања на работниците (надомест за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата, надоместок за регрес за исхрана, надоместок за трошоци за превоз на вработените, надоместок за регрес за годишен одмор, јубилејни награди, солидарна помош, трошоци за користење на сопствен автомобил за службени цели) и дивиденди, доколку има неисплатени придонеси од плата“

Ставот 2 станува став 3.

По ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„Плаќањето на производи и услуги во готово не може поединечно да биде повеќе од 200 ДМ во денарска противвредност по курсот на Народната банка на Република Македонија“.

Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 5 и 6.

Член 3

Во членот 9 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Субјектот е должен придонесите од плата да ги намири до 25-ти во месецот за изминатиот месец“.

Ставовите 2 и 3 стануваат ставови 3 и 4.

По ставот 4 се додаваат три нови става 5, 6 и 7 кои гласат:

„Доколку субјектот (работодавачот) не ги плати придонесите од плати на вработените во рокот од став 2 на овој член, надлежната институција за платен промет е должна наредниот ден од рокот утврден од ставот 2 да ги пресмета и наплати придонесите од плата. Придонесите од плата институцијата за платен промет ги пресметува и наплатува врз основа на бројот на работниците искажан во последната пресметка на плати.

Банките и штедилниците не можат да примаат депозити за граѓани по основа на плати и други лични примања, доколку исплатата не е преку жиро сметката на правното лице.

Се забранува исплатата на плати во бонови и натура.“

Член 4

Во членот 11 став 1 точка 2 по зборот „придонеси“, се додаваат зборовите: „со тоа што прво се извршуваат налозите за придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, а потоа придонесот за здравствено осигурување, придонесот за вработување и персоналниот данок од доход“.

Член 5

Во членот 20 став 1, уводната реченица се менува и гласи:

„Со парична казна од 10.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице: “.

По точката 3) се додава нова точка 4) која гласи:

„ 4) ако врши плаќања во готово спротивно на член 8 ставови 2 и 4;“.

Во точка 4) која станува точка 5, во заградата по зборовите: „став 1“ се додава запирка и зборовите: „и 2“.

Во ставот 3 по бројот „2“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по бројот „3“ се додаваат зборовите: „и 4“, а зборовите „една година“ се заменуваат со зборовите „три години“.

Член 6

Во членот 21 во став 1 зборовите: „пет до петнаесет плати“ се заменуваат со зборовите: „од 1.000 до 50.000 денари“, а бројот „5“ се заменува со бројот „6“.

Член 7

Во членот 22 во став 1 зборовите: „20 до 50 плати“ се заменуваат со зборовите: „од 10.000 до 300.000 денари“, а бројот „3“ се заменува со бројот „4“.

Во ставот 2 зборовите: „осум до петнаесет плати“ се заменуваат со зборовите: „од 1.000 до 50.000 денари“.

Во ставот 3 зборовите: „осум до петнаесет плати“ се заменуваат со зборовите: „од 1.000 до 50.000 денари“.

Член 8

Во членот 23 став 1 зборовите: „20 до 50 плати“ се заменуваат со зборовите: „од 10.000 до 300.000 денари“.

Во ставот 2 зборовите: „осум до петнаесет плати“ се заменуваат со зборовите: „од 1.000 до 50.000 денари“.

Член 9

По член 24 се додаваат два нови члена 24-а и 24-б, кои гласат:

„Член 24-а

Субјектот заостанатите придонеси од плати и персонален данок од доход, без камата со денот на влегувањето во сила на овој закон може да ги плаќа поединечно по видови придонеси во период од онолку месечни рати за колку месеци истите не се платени и тоа по следниов редослед:

- обврските спрема Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се намируваат во првиот период за толку месеци за колку што не се платени;

- обврските спрема Фондот за здравствено осигурување во вториот период од толку месеци за колку што не се платени и

- обврските за вработување и персонален данок од доход - во третиот период од толку месеци за колку што не се платени.

Доколку субјектот не ги плати обврските од став 1 на овој член обврските ќе ги пресмета и наплати надлежната институција за платен промет. Обврските институцијата за платен промет ги пресметува и наплатува наредниот ден од месецот во кој требало да бидат платени. Обврските институцијата за платен промет ги утврдува врз основа на бројот на работниците искажани во последната пресметка на плата.

Субјектот кој сите пристигнати обврски заклучно со платата за месец март 1997 година, ќе ги плати во рок од 45 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон, придонесите и персоналниот данок од доход му се намалуваат за 70%.

Средствата уплатени на име персонален данок од доход ќе се издвојат посебно и ќе се користат за поддршка на производството на правните лица кои редовно ги намируваат своите обврски по основа на придонеси и даноци.

Користењето на уплатените средства на име персонален данок од доход од став 4 на овој член се врши врз основа на Програмата на Владата на Република Македонија.

Член 24-б

Одредбата од член 24-а став 1 на овој закон ќе се применува најдоцна во рок од три години од денот на влегувањето во сила на овој закон."

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**672.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 јули 1997 година.

Број 08-2256/1
3 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на РМ" бр. 80/93, 3/94, 14/95 и 71/96), во членот 10 зборовите: „во Фондот односно кај работодавецот" се бришат.

По ставот 1 се додава нов став кој гласи:

„За правата од пензиското и инвалидското осигурување кои се остваруваат во Фондот во втор степен одлучува Комисија на Владата на Република Македонија, а за правата кои се остваруваат кај работодавецот органот што ќе го определи работодавецот".

Член 2

Во членот 20 зборовите: „според основицата утврдена со општ акт на Фондот" се заменуваат зборовите: „во зависност од движењето на просечната плата на сите вработени во Републиката и стручната подготовка на осигуреникот".

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Основицата од ставот 1 на овој член во почетокот на годината ја објавува Фондот"

Член 3

Во членот 32 став 4 зборот „утврдува" се заменува со зборот „објавува", по зборот „фондот" се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 4

Во членот 45 став 2 пред зборот „Листата" се додаваат зборовите: „Правилникот за", а зборовите: „ја утврдува" се заменуваат со зборовите: „го донесува".

Член 5

Во членот 52 став 2 по зборот „соодветни" се додава зборот „образовни", зборот „организации" се заменува со зборот „установи", а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 6

Во членот 55 став 3 по зборот „се", зборовите „зема основата определена со општ акт на Фондот" се заменуваат со зборовите: „зема основицата од член 20 на овој закон".

Во ставот 4 алинеја 1 бројот „70%" се заменува со бројот „50%", а во алинеја 2 бројот „100%" се заменува со бројот „80%".

Член 7

Во членот 56 бројот „60%" се заменува со бројот „40%".

Член 8

Во членот 60 по зборот „способност" се додаваат зборовите: „кај работодавецот", а по зборот „стаж" точката се брише и се додаваат зборовите: „а во Фондот според условите утврдени во членот 63 од овој закон".

Член 9

Во членот 61 став 2 по зборот „Фондот" зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 10

Во членот 63 став 1 точка 2 по зборовите: „на инвалидноста" се додаваат зборовите: „односно на денот на престанокот на осигурувањето по настанатата инвалидност".

Член 11

Во членот 67 став 2 по зборот „со", зборовите: „општ акт" се заменуваат со зборот „Статут".

Член 12

Во членот 73 став 1 точката 4 се менува и гласи:

„до смртта на брачната другарка имал наполнети 50 години, кога ќе наполни 55 години живот - или ако во тие години станал неспособен за работа".

Член 13

Во членот 82 став 3 пред зборот „видовите" се додаваат зборовите: „Правилникот за листата за", зборовите: „ги утврдува" се заменуваат со зборовите: „го донесува", а зборовите:„Фондот со општ акт"се заменуваат со зборовите: „министерот за труд и социјална политика".

Член 14

Во членот 107 став 1 по зборот „членовите" се додава бројот „95%".

Во ставот 2 по зборот „членовите" се додава бројот „95%", а по бројот „100%" се става запирка и се додава бројот „102%".

Член 15

Во членот 117 став 1 точка 2 зборовите: „се смета" се заменуваат со зборовите: „е утврдено".

Член 16

Во членот 124 по зборовите: „продолжено осигурување" запирката се заменува со точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 17

По членот 124 се додава нов член 124-а кој гласи:

„Член 124-а

Осигуреникот може да пристапи во продолжено осигурување за времето поминато:

1) на стручно усовршување или образование во земјата или во странство со согласност на работодавецот;

2) на престој во странство како брачен другар на работникот кој е упатен на работа во странство во рамките на меѓународно-техничка или просветно-културна и научна соработка во дипломатски и конзуларни претставништва;

3) по престанок на работниот однос на брачен другар на активно воено лице преместено поради потреба на службата, најмногу до четири години;

4) по престанок на правото на паричниот надоместок во случај на невработеност, најмногу до три години;

5) на лицата кои имале својство на осигуреник во доброволно пензиско и инвалидско осигурување според Законот за пензиското и инвалидското осигурување што се применуваше до 31 декември 1993 година, најмногу до три години.

Заради обезбедување на продолжено осигурување, осигуреникот односно лицето поднесува барање до подрачната единица на Стручната служба на Фондот во рок од една година од престанокот на задолжителното осигурување, а осигуреникот односно лицето од став 1 точки 4 и 5 на овој член од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Со барањето од став 2 на овој член осигуреникот доставува докази за утврдување на околностите врз основа на кои се обезбедува продолжено осигурување".

Член 18

Во член 131 по зборовите „утврдени со" зборовите: „општ акт" се заменуваат со зборот „Статут".

Член 19

Во членот 132 став 3 зборовите: „Фондот со општ акт одлучува и ги утврдува условите и начинот за стекнување со право на повисок износ на пензија" се заменуваат со зборовите: „Начинот за стекнување со право на повисок износ на пензија се уредуваат со Статутот на Фондот".

Член 20

Во членот 133 став 5 зборовите: „општ акт" се заменуваат со зборот „Статут"

Член 21

Во членот 136 став 3 запирката по зборот „Фондот" се брише и се додаваат зборовите „со Статут".

Член 22

Во членот 141 став 1 зборовите: „второстепениот орган на Фондот се заменуваат со зборовите: „Комисија на Владата на Република Македонија, за решавање во втор степен по предметите од пензиското и инвалидското осигурување".

Член 23

Во членот 142 зборот „Фондот" се заменува со зборовите: „Комисијата од членот 141 на овој закон".

Член 24

Во членот 146 ставот 4 се брише.

Член 25

Во членот 160 точка 6 зборот „донесуваат" се заменува со зборот „донесува", а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 26

Во членот 180 став 6 по зборот „платата" се додаваат зборовите: „односно основица на осигурување".

Член 27

Во членот 184 став 3 по зборовите: „служи основицата" зборовите: „според стручната квалификација определена со општ акт на Фондот" се заменуваат со зборовите: „утврдени согласно со член 20 на овој закон".

Член 28

Во членот 185 став 2 по зборот „до" зборовите: „институција за платен промет" се заменуваат со зборовите: „органот за јавни приходи", зборот „нејзина" се заменува со зборот „негова".

Ставовите 3 и 4 се бришат

Член 29

Во член 191 став 1 зборовите „од 20 до 60 плати" се заменуваат со зборовите „во износ од 200.000 денари".

Во став 2 по зборот „казна" се додаваат зборовите: „во износ од 25.000 денари", а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Во став 3 по зборот „казна" се додаваат зборовите „во износ од 30.000 денари", а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 30

Во членот 192 по зборот „казна" зборовите: „од две до десет плати" се заменуваат со зборовите: „во износ од 25.000 денари".

Член 31

На инвалидите на трудот на кои паричниот надоместок од член 61 став 2 на овој закон престанал да се исплатува поради истекот на времето од три години, користењето на овој надоместок им се обезбедува од денот на влегувањето во сила на овој закон под услови и начин утврдени со овој закон.

Член 32

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**673.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПОТРЕБАТА НА ГРБОТ, ЗНАМЕТО И ХИМНАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за употребата на грбот, знамето и химната на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 јули 1997 година.

Број 08-2258/1
3 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА УПОТРЕБАТА НА ГРБОТ, ЗНАМЕТО И ХИМНАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува употребата на грбот, знамето и химната на Република Македонија.

Член 2

Со грбот, знамето и химната на Република Македонија се претставува Република Македонија и се изразува припадноста на Република Македонија.

Член 3

Грбот, знамето и химната на Република Македонија се употребуваат во согласност со одредбите на овој закон и на начин со кој не се нарушува угледот и достоинството на Република Македонија.

Член 4

Грбот и знамето на Република Македонија можат да се употребуваат само во формата и содржината што се утврдени со закон.

Во грбот и знамето на Република Македонија не може ништо да се впишува, односно испишува, ниту тие можат да се менуваат.

По исклучок, ако е тоа со закон и друг пропис пропишано, грбот и знамето на Република Македонија можат да се употребуваат како составен дел на други амблеми, односно знаци (воени, командни и ранговни знамиња и друго ) или на знамето на Република Македонија може да се испишува одреден датум или име (воени и други свечени знамиња и слично).

Како химна на Република Македонија може да се изведува само мелодијата и текстот на химната утврдена со Законот за химната на Република Македонија.

Член 5

Грбот и знамето на Република Македонија не можат да се употребуваат како стоковни или услужни жигови, модели, ниту како кој и да било друг знак за одбележување на стоки или услуги.

Член 6

Грбот и знамето на Република Македонија не смеат да се употребуваат ако се дотраени, неуредни, искинати или на друг начин оштетени, или со својот изглед се неподобни за употреба.

Оштетените или за употреба неподобните грб и знаме на Република Македонија се повлекуваат од употреба.

Член 7

При официјални државни посети и меѓународни манифестации од политички, научен, културно-уметнички, спортски и друг карактер, заедно со грбот, знамето и химната на Република Македонија истовремено се истакнуваат, односно изведуваат и грбот, знамето и химната на друга држава и меѓународна организација, во согласност со одредбите на овој закон.

Член 8

Грбот и знамето на Република Македонија, како и грбовите и знамињата на други држави и меѓународни организации кои се употребуваат во Република Македонија согласно со одредбите на овој закон, не смеат намерно да се кинат, палат, газат или на друг начин да се скрнават или изложуваат на презир или исмејување.

### II. УПОТРЕБА НА ГРБОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 9

Грбот на Република Македонија се употребува:

1) во состав на државниот печат на Република Македонија, согласно со законските прописи за тој печат;

2) во состав на печатот и штембилот на органите на државната власт, во согласност со прописите за печатите и штембилите на тие органи;

3) во службените натписи на органите на државната власт, јавните установи, јавните служби и јавните претпријатија кои ги основа Републиката истакнати на зградите во кои тие се сместени;

4) на објектите со кои се одбележува границата на Република Македонија и на други објекти во Република Македонија во близина на границата, според посебни прописи и

5) во други случаи, под условите и на начинот утврдени со закон.

Член 10

Грбот на Република Македонија може да се употребува:

1) на објектите во кои се сместени органите на државната власт, јавните установи, јавните служби и јавните претпријатија кои ги основа Републиката, како и во свечените простории на тие објекти;

2) на објектите во кои се наоѓаат просториите на дипломатското или конзуларното претставништво на Република Македонија во странство, на резиденцијата на шефот на претставништвото и на превозните средства што тој лично ги користи во вршењето на службените должности, во согласност со соодветните меѓународни договори, прописи и обичаи на земјата во која претставништвата се наоѓаат, односно со правилата и практиката на меѓународната организација при која се наоѓа претставништвото;

3) при меѓународни средби, натпревари и други собири (политички, научни, културно-уметнички, спортски и други) на кои Република Македонија учествува или е презентирана, во согласност со правилата и практиката на одржувањето на тие собири;

4) на воени знамиња на Република Македонија и командни и ранговни знамиња, според прописите за установување на тие знамиња;

5) на банкноти, метални пари и државни вредносни хартии;

6) на воздухопловите, бродовите или другите пловила, како и на другите јавни превозни средства, под услови и на начин кои се утврдени со соодветни прописи:

7) на официјални покани, честитки и слични акти што ги користат: претседателот на Републиката, претседателот на Собранието на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, други овластени претставници на претседателот на Републиката, на Собранието и Владата на Република Македонија, како и шефовите на дипломатските и конзуларните претставништва на Република Македонија во странство и

8) во други случаи, ако неговата употреба не е во спротивност со одредбите на овој закон.

Член 11

Изворникот на грбот на Република Македонија се чува во Собранието на Република Македонија и спрема него се врши обликување на грбовите.

За чувањето и употребата на изворникот на грбот на Република Македонија одговорен е секретарот на Собранието на Република Македонија.

Член 12

Ако грбот на Република Македонија се истакнува во Република Македонија заедно со еден или повеќе грбови или други амблеми на други држави, меѓународни организации и единици на локалната самоуправа, грбот на Република Македонија се наоѓа, во зависност од начинот на поставувањето на тие грбови, односно амблеми:

1) во средината на кругот, така што јасно да се гледа – ако другите грбови и амблеми се наредени во круг;

2) во средината на полукругот – ако другите грбови и амблеми се наредени во полукруг;

3) на чело на колоната – ако другите грбови и амблеми се наредени во колона;

4) на прво место во редот, односно од левата страна гледано однапред – ако другите грбови и амблеми се наредени во ред;

5) на чело на групата – ако другите грбови и амблеми се распоредени во групи и

6) на десната страна, гледано однапред, од грбот на странската држава или меѓународната организација – ако тој грб се истакнува во Република Македонија при официјална посета на овластен претставник на соодветната држава или организација.

Во случаите од став 1 на овој член, димензиите на сите грбови треба да се еднакви, а доколку димензиите се различни ниеден друг грб не смее да биде поголем од грбот на Република Македонија.

## III. УПОТРЕБА НА ЗНАМЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 13

Знамето на Република Македонија постојано е истакнато:

1) на Резиденцијата на претседателот на Републиката, на објектот во кој се наоѓа Собранието на Република Македонија, на објектот на Владата на Република Македонија и на објектите во кои се сместени функционерите кои раководат со министерствата во Владата на Република Македонија;

2) на определени објекти на границата на Република Македонија и на други објекти во Република Македонија во близина на границата, според посебни прописи и

3) во други случаи, под услови и на начин утврдени со овој закон или друг пропис.

Знамето на Република Македонија се употребува како ознака на воздухоплов, брод или друго пловило, како и на други јавни превозни средства, заради означување на нивната припадност на Република Македонија, под услови и на начин утврдени со соодветни прописи

Член 14

Знамето на Република Македонија се истакнува:

1) во денови на празниците на Република Македонија утврдени со закон – на објектите во кои се сместени органите на државната власт, единиците на локалната самоуправа, јавните служби, јавните установи и јавните претпријатија кои ги основа Републиката, односно единицата на локалната самоуправа;

2) при испраќањето на претседателот на Републиката од Република Македонија и пречекот на претседателот на Републиката при враќањето од странство;

3) при официјално доаѓање во Република Македонија, односно при испраќање од Република Македонија на претседател на држава, суверен или овластен претставник на меѓународна организација;

4) на превозните средства кои ги користи претседателот на Републиката;

5) во деновите на жалост што ги определува Владата, на половина копје и

6) во други случаи под услови и на начин утврден со закон.

Член 15

Знамето на Република Македонија може да се истакне:

1) на објектот во кој е сместено дипломатското или конзуларното претставништво на Република Македонија во странство; на резиденцијата на шефот на претставништвото и на превозните средства што тој лично ги користи во вршењето на службените должности, во согласност со соодветните меѓународни договори, прописите и обичаите во земјата во која се наоѓа претставништвото, односно правилата и практиката на меѓународната организација при којашто се наоѓа претставништвото;

2) во просториите во кои се гласа, училници, обредни сали, простории за состаноци и слично;

3) при меѓународни средби, натпревари и други собири (политички, научни, културно-уметнички, спортски и други) на кои Република Македонија учествува или е презентирана, во согласност со правилата и практиката на одржувањето на тие собири;

4) при прослави, свечености и други политички, културни, спортски и слични манифестации кои се од значење за Република Македонија;

5) при празнување во приватниот живот на граѓаните и

6) во други случаи, ако неговата употреба не е во спротивност со одредбите на овој закон.

Член 16

Ако знамето на Република Македонија се истакнува во Република Македонија заедно со едно или повеќе знамиња на други држави, или меѓународни организации, знамето на Република Македонија се наоѓа во зависност од начинот на поставувањето на тие знамиња:

1) во средината на кругот така што јасно да се гледа – ако другите знамиња се наредени во круг;

2) во средината на полукругот – ако другите знамиња се наредени во полукруг;

3) на чело на колоната – ако другите знамиња се наредени во колона;

4) на прво место во редот, односно од левата страна гледано однапред – ако другите знамиња се наредени во ред;

5) на чело на групата – ако другите знамиња се распоредени во групи.

Ако знамето на Република Македонија се истакнува заедно со други знамиња со вкрстени копја, копјето на знамето на Република Македонија мора да биде поставено пред копјата на тие знамиња, гледано однапред.

Член 17

Ако знамето на Република Македонија се истакнува заедно со две други знамиња, знамето на Република Македонија се наоѓа во средина.

Ако знамето на Република Македонија се истакнува покрај друго знаме, тоа секогаш се наоѓа на левата страна, гледано однапред. По исклучок, тоа се наоѓа на десната страна, гледано однапред, од знамето на странската држава или меѓународната организација, ако тоа знаме се истакнува во Република Македонија при официјални посети на овластен претставник на соодветната држава или организација.

Ако знамето на Република Македонија се истакнува заедно со повеќе знамиња на други држави, знамињата на другите држави ќе бидат истакнати по абецеден ред.

Во случаите од овој член, димензиите на сите знамиња треба да се еднакви, а доколку димензиите се различни ниедно друго знаме не смее да биде поголемо од знамето на Република Македонија, ниту пак било кое друго знаме, може да биде поставено повисоко од знамето на Република Македонија.

Ако знамето на Република Македонија се истакнува со знамето на единиците на локалната самоуправа и други знамиња, знамето на Република Македонија се истакнува на прво место од левата страна оддалечено два метри, а повисоко за еден метар и со поголема димензија од знамето на единицата на локалната самоуправа и од другите знамиња.

Член 18

Знамето на Република Македонија се подига и спушта, истакнува и симнува, односно пренесува, со вообичаени почести (станување, поздравување и друго).

При истакнувањето знамето не смее да допира до ништо што се наоѓа до или под него.

Член 19

Кога знамето на Република Македонија се истакнува на јарбол се истакнува меѓу изгрејсонце и зајдисонце, а може да биде изложено и дваесет и четири часа дневно под услов знамето соодветно да биде осветлено за време на часовите кога е темно.

Кога знамето е спуштено ниеден негов дел не смее да го допира подот или било кој друг предмет.

Кога знамето се вади од јарболот и се става на чување, треба да се свитка уредно и на церемонијален начин.

Член 20

Знамето треба да се подига динамично, а спушта бавно и церемонијално.

При подигање и спуштање на знамето сите присутни се во став мирно, со лицето свртени кон знамето, се додека знамето не биде одврзано од јарболот, односно ако се свири химната, се додека не биде отсвирен последниот тон на музиката. Машките лица кои носат и каков и да е вид шапка, истата треба да ја симнат. Лицата во воени униформи поздравуваат војнички.

Член 21

При истакнување на знамето на Република Македонија во затворени простории, тоа секогаш се става од десната страна гледано од страна на говорникот, а доколку истовремено се истакнуваат знамето на единицата на локалната самоуправа и други знамиња тие треба да стојат од левата страна оддалечени два метри, едно метро пониско и со помали димензии од знамето на Република Македонија.

Член 22

Кога знамето се истакнува на автомобил, тоа треба да биде цврсто прицврстено на шасијата, на предниот дел, од десната страна гледано од страна на возачот.

Член 23

Истакнувањето на половина копје на знамето што се истакнува на јарбол се врши така што знамето за момент се подига до крај, а потоа се спушта на позиција што се наоѓа на половина пат од врвот до долниот крај на јарболот. Пред да се спушти сосема, знамето уште еднаш се подига до врвот.

Знамето може да се користи за покривање на мртовечки сандак, но не смее да се спушти во гробот.

Член 24

Знамето не смее да се употребува:

– како драперија, завеса или прекривка;

– свиткано во форма на венец или набрано и

– како украс на перници, марамчиња, салвети, кутии од хартија, долна облека или предмети кои веднаш по употребата се фрлаат.

## IV. ИЗВЕДУВАЊЕ НА ХИМНАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 25

Химната на Република Македонија се изведува:

1) при испраќање на претседателот на Републиката од Република Македонија во официјални посети на странски држави и при неговото враќање во Република Македонија;

2) при официјално доаѓање во Република Македонија, односно при испраќање од Република Македонија на претседател на држава, суверен или овластен претставник на меѓународна организација;

3) при полагање венци на воени гробишта, гробови на паднати борци и на други слични места од страна на официјалните претставници на Република Македонија и

4) во други случаи предвидени со закон.

Член 26

Химната на Република Македонија може да се изведува:

1) на прослави, политички собири, паради и други свечени манифестации со кои официјално се одбележуваат настани од значење за единиците на вооружените сили на Република Македонија и за граѓаните на Република Македонија;

2) при меѓународни средби, натпревари и други собири (политички, научни, културно-уметнички, спортски и други) на кои Република Македонија официјално учествува или е презентирана, во согласност со правилата и практиката на одржувањето на тие собири;

3) на погреб на заслужни личности кои се граѓани на Република Македонија кога од страна на Република Македонија им се укажува посебна почест и

4) во други случаи, ако нејзината употреба не е во спротивност со одредбите на овој закон.

Член 27

Химната на Република Македонија се изведува со: свирење, пеење или и со свирење и со пеење.

Химната секогаш треба да се свири со достоинство.

Химната не се користи како дел од друг вид музика.

Химната на Република Македонија може да се свири на почетокот, средината или крајот од манифестацијата на која се изведува, во зависност од тоа на кој начин на химната ќе ѝ се даде најголемо достоинство.

Член 28

Ако химната на Република Македонија треба да се изведе во Република Македонија заедно со химната на странска држава или свечена песна на меѓународна или друга странска организација, прво се изведува химната на странската држава или свечената песна на меѓународната или друга странска организација, а потоа химната на Република Македонија.

Член 29

При изведувањето на химната на Република Македонија сите присутни стојат во став мирно од свирењето, односно пеењето на првиот тон па сè до последниот тон на химната, свртени со лице кон изведувачите на химната.

## V. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 30

Со парична казна од 50.000 до 300 000 денари ќе се казни за прекршок правното лице ако:

1) ги употребува грбот и знамето на Република Македонија спротивно на одредбите од член 3 на овој закон;

2) ги употребува грбот и знамето на Република Македонија и ја изведува химната на Република Македонија во поинаква форма и содржина од онаа утврдена со овој закон (член 4);

3) ги употребува грбот и знамето на Република Македонија како знаци за одбележување на стоки и услуги (член 5);

4) употребува оштетени или со својот изглед неподобни за употреба грб и знаме на Република Македонија (член 6);

5) не ги употребува грбот и знамето на Република Македонија согласно со одредбите од член 7 на овој закон;

6) ја изведува химната спротивно на одредбите од овој закон и

7) изведувањето на химна на странска држава спротивно на одредбите на овој закон.

Со парична казна од 10.000 до 40.000 денари ќе се казни и одговорното лице на правното лице за прекршок од став 1 на овој член.

За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни со парична казна од 20.000 до 50.000 денари и одговорното лице на органот на државната власт, единицата на локалната самоуправа, јавната установа, јавното претпријатие и јавната служба, што ја основа Републиката, односно единицата на локалната самоуправа.

За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни со парична казна од 5.000 до 10.000 денари и физичко лице.

Ако прекршокот од став 1 на овој член се изврши на јавен собир со парична казна од 20.000 до 50.000 денари, ќе се казни и лицето одговорно за организацијата на јавниот собир.

Со парична казна од 2.000 до 5.000 денари ќе се казни за прекршок физичко лице ако постапува спротивно на одредбите од член 24 на овој закон.

Член 31

На сторителот на прекршокот од член 30 на овој закон, ќе му се изрече и заштитна мерка одземање на предметите со кои е извршен прекршокот.

Овластеното лице на Министерството за внатрешни работи, пред поведувањето на прекршочната постапка, може да ги заплени предметите од став 1 на овој член. Запленетите предмети веднаш се предаваат на органот надлежен за водење на прекршочната постапка.

## VI. ОВЛАСТУВАЊА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ПРОПИСИ

Член 32

Врховниот командант на вооружените сили на Република Македонија во согласност со одредбите на овој закон, донесува прописи за употребата на грбот, знамето и химната на Република Македонија во вооружените сили на Република Македонија.

Член 33

Владата на Република Македонија ќе ги пропише критериумите и условите за изведување на химната на Република Македонија на погреби на заслужни личности (член 26 став 1 точка 3).

Член 34

Поблиски прописи за начинот на употребата на грбот и знамето на Република Македонија, донесува:

1) министерот за внатрешни работи, во согласност со министерот за одбрана - на определени објекти на границата на Република Македонија и на други објекти во Република Македонија во близина на границата (член 9 став 1 точка 4 и член 13 став 1 точка 2);

2) министерот за надворешни работи - за дипломатските и конзуларни претставништва на Република Македонија во странство (член 10 став 1 точка 2 и член 15 став 1 точка 1) и

3) министерот надлежен за работите на сообраќајот и врски - за воздухопловите, бродовите или други пловила, како и за други јавни превозни средства, заради означување на нивната припадност на Република Македонија (член 10 став 1 точка 6 и член 13 став 2).

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 35

Во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, мора да се усогласат одредбите на прописите и другите акти што се во спротивност со одредбите на овој закон.

Член 36

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за употреба на знамињата („Службен весник на СРМ" број 40/73).

Член 37

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**674.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 и член 82 став 3 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПОТРЕБА НА ЗНАМИЊА ПРЕКУ КОИ ПРИПАДНИЦИТЕ НА НАЦИОНАЛНОСТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГО ИЗРАЗУВААТ СВОЈОТ ИДЕНТИТЕТ И НАЦИОНАЛНИТЕ ОСОБЕНОСТИ

Се прогласува Законот за употреба на знамиња преку кои припадниците на националностите во Република Македонија го изразуваат својот идентитет и националните особености,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 8 јули 1997 година.

Број 08-2308/1
8 јули 1997 година
Скопје

За претседател
на Република Македонија
Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

**Претседател**
**на Собранието на Република**
**Македонија,**
**Тито Петковски**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА УПОТРЕБАТА НА ЗНАМИЊА ПРЕКУ КОИ ПРИПАДНИЦИТЕ НА НАЦИОНАЛНОСТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГО ИЗРАЗУВААТ СВОЈОТ ИДЕНТИТЕТ И НАЦИОНАЛНИТЕ ОСОБЕНОСТИ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува употребата на знамиња преку кои припадниците на националностите во Република Македонија го изразуваат својот идентитет и националните особености.

Член 2

Припадниците на националностите во Република Македонија заради изразување на својот идентитет и националните особености имаат право да употребуваат знаме.

Под знаме, во смисла на став 1 од овој член, се подразбира знаме што припадниците на националноста го избрале или го употребуваат како знаме за изразување на својот идентитет и националните особености.

### II. УПОТРЕБА НА ЗНАМИЊА ПРЕКУ КОИ ПРИПАДНИЦИТЕ НА НАЦИОНАЛНОСТИТЕ ГО ИЗРАЗУВААТ СВОЈОТ ИДЕНТИТЕТ И НАЦИОНАЛНИТЕ ОСОБЕНОСТИ

Член 3

Припадниците на националностите знамето од член 2 на овој закон имаат право да го употребуваат при празнување во приватниот живот и при одржување на културни, спортски и други приредби што ги организираат припадниците на националностите во Република Македонија.

Член 4

Знамето од член 2 на овој закон не смее да се истакнува пред и во објектите на:

– Собранието на Република Македонија, претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија, органите на управата, судовите, јавното обвинителство на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија и Народната банка на Република Македонија;

– органите на единиците на локалната самоуправа и

– јавните служби, јавните установи и јавните претпријатија кои ги основа Републиката, односно единицата на локалната самоуправа и други јавни објекти, претпријатија, друштва и организации.

Член 5

Во единиците на локалната самоуправа во кои припадниците на една националност се мнозинство од населението, во деновите на празниците на Република Македонија утврдени со закон, покрај државното знаме пред објектите на органите на единиците на локалната самоуправа, може да се истакне и знамето преку кое припадниците на таа националност го изразуваат својот идентитет и националните особености.

### III. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 6

Со парична казна од 50.000 до 200.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице кое го употребува знамето од член 2 на овој закон спротивно на одредбите од член 4 на овој закон.

За прекршокот од ставот 1 на овој член ќе се казни со парична казна од 30.000 до 50.000 денари и казна затвор од 30 до 90 дена одговорното лице на правното лице.

### IV. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**675.**

Врз основа на член 84, став 1, алинеја 10 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 52/91), согласно член 1 од Законот за помилување („Службен весник на РМ" бр. 20/93), Претседателот на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Потполно се ослободува од извршување на казната затвор осуденото лице:

1. Ванчо Петруш Ефремов, од с. Злеово.

II

Извршувањето на казната затвор му се заменува со условна осуда за време од 2 години на осуденото лице:

1. Кализи Осман Шинази од Гостивар, во траење од 6 месеци.

III

Делумно се ослободува од извршување на казната затвор осуденото лице:

1. Киро Мице Пирковиќ од с. Кучевиште, во траење од 9 месеци.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-595
7 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

---

**676.**

Врз основа на член 22 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 4/96), и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА ЗА ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО „ЧАИР" ВО СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука се донесува урбанистички план за Специјалната болница за гинекологија и акушерство „Чаир" во Скопје одреден од исток со улицата „Дижон-

ска", од југ со улицата „Коста Абрашевиќ", од запад со Основното училиште „Даме Груев" и од север КП 845, а со површина на зафатот од 1,2438 ха.

2. Составен дел на оваа одлука е елаборатот: Урбанистички план за Специјална болница за гинекологија и акушерство „Чаир" - Скопје изготвен од Ателје „Ајвар" од Скопје, со технички број 97.06.10.01, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Елаборатот од точка 2 на оваа одлука содржи:

А. Текстуален дел

Б. Графички прилози

| | |
|---|---|
| 1. Местоположба на урбанистички зафат | Р = 1:25000 |
| 2. Извод од ОУП (1985 год) | Р = 1: 5000 |
| 3. Геодетска снимка | Р = 1: 1000 |
| 4. Постојана состојба (4 прилога) | Р = 1: 1000 |
| 5. Планирана состојба (8 прилога) | Р = 1: 1000 |

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 23-1501/1
30 јуни 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**677.**

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 4/96), и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА НА ОБЈЕКТОТ „ПОГОН ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА РАЗЛАДНА ОПРЕМА И МЕТАЛНА ГАЛАНТЕРИЈА", ВО С. ДРАЧЕВО - ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на објектот „Погон за производство на разладна опрема и метална галантерија, што треба да се гради на КП бр. 3913; 3914; 3915 и 3916, КО „Драчево", во м.в. Оризница, на земјиште ливада неплодна, со површина од 7.795 м$^2$ што се пренаменува во градежно земјиште, општина Кисела Вода, а инвеститори ќе бидат: Поповски Игњат, Поповски Никола, Митревски Благоја, Стојановска Даница, Стојановски Санде - сите од с. Драчево - Скопје, и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за неговата редовна употреба.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог - ситуација во М 1:500, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 23-1512/1
30 јуни 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
